Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 40-4717/1
20 април 2021 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**1416.**

Врз основа на член 54 став (6) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 20 април 2021 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ВИДОТ И ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ ЗА ТРОШОЦИТЕ ВО ПОСТАПКАТА НА ЕВАЛУАЦИЈА ВРЗ ОСНОВА НА РЕАЛНО НАПРАВЕНИ ТРОШОЦИ, КАКО И НАДОМЕСТОЦИТЕ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ОДБОРОТ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВРЗ ОСНОВА НА ПРИСУСТВО НА СЕДНИЦА И ОБЕМ НА ИЗВРШЕНА РАБОТА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат видот и висината на надоместоците за трошоците во постапката на евалуација врз основа на реално направени трошоци, како и надоместоците на членовите на Одборот за евалуација на високото образование (во натамошниот текст: Одбор за евалуација), врз основа на присуство на седница и обем на извршена работа.

Член 2

За спроведување на постапка на надворешна евалуација факултетите, високите стручни школи, уметничките академии и самостојните стручни школи со 1000 и помалку студенти, на Агенцијата за квалитет во високото образование и плаќаат надомест на реално направените трошоци (во натамошниот текст: НРНТ) во износ кој се пресметува како збир на фиксен дел кој изнесува 1500 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на исплатата и варијабилен дел кој се утврдува кога бројот на запишани студенти на високообразовната установа (во натамошниот текст: X) ќе се помножи со 2.5 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на исплатата, односно:

НРНТ= 1500 + 2.5*X

Член 3

За спроведување на постапка на надворешна евалуација факултетите, високите стручни школи, уметничките академии и самостојните стручни школи со повеќе од 1000 а помалку од 4000 студенти, на Агенцијата за квалитет во високото образование и плаќаат надомест на реално направените трошоци во износ кој се пресметува како збир на фиксен дел кој изнесува 4000 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на исплатата и варијабилен дел кој се утврдува како разлика помеѓу бројот на запишани студенти на високообразовната установа и бројот 1000, односно:

НРНТ= 4000 + (X – 1000)

Член 4

За спроведување на постапка на надворешна евалуација, универзитети на Агенцијата за квалитет во високото образование и плаќаат надомест на реално направените трошоци во износ кој се пресметува како збир на реално направените трошоци за евалуација на секој од факултетите во рамките на универзитетот, пресметани согласно членовите 2, 3 и 4 од оваа одлука, односно:

$$\text{НРНТ} = \sum_{i=1}^{m}(1500 + 2.5x_i) + \sum_{j=1}^{n}[4000 + (x_j - 1000)] \quad (3),$$

Каде m е број на факултети до 1000 студенти, а n е број на факултети над 1000 студенти

По исклучок на член 4, став 1, универзитети на Агенцијата за квалитет во високото образование и плаќаат надомест на реално направените трошоци:

- најмногу до 30.000 евра за универзитет со број на студенти до 10.000;
- најмногу до 50.000 евра за универзитет со број на студенти над 10.000.

Член 5

За вршење на надворешна евалуација на барање на Националниот совет за високо образование и министерот надлежен за високото образование, Министерството за образование и наука на Агенцијата за квалитет во високото образование и плаќа надомест на реално направените трошоци пресметани согласно членовите 2,3 и 4.

Член 6

Врз основа на присуство на најмалку една седница во текот на месецот, висината на надоместокот за работата на претседателот на Одборот за евалуација изнесува по 4.500,00 денари по седница, но не повеќе од 9.000,00 денари месечно.

Врз основа на присуство на најмалку една седница во текот на месецот, висината на надоместокот за работата на членовите во Одборот за евалуација изнесува по 3.000,00 денари по седница, но не повеќе од 6.000,00 денари месечно.

Висината на надоместоците на стручните комисии врз основа на обем на извршена работа, во смисла на изработен и усвоен извештај за евалуација на високообразовна установа изнесува:

- 600 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на исплатата, за претседателите на комисиите и

- 500 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на исплатата за членовите на комисиите.

Член 7

За професорите од универзитети од земјите членки на Европското здружение за обезбедување на квалитет во високото образование (European Association for Quality Assurance in Higher Education – ENQA), членови на стручните комисии, освен надоместокот од член 6 на оваа Одлука се покриваат и трошоците за превоз во економска класа и престој во хотел со најмногу 4 ѕвезди.

Патните трошоци во земјата заради учество на седници на претседателот и/или членовите на Одборот за евалуација на високото образование ќе се исплаќаат по доставено барање и извештај одобрени од претседателот или заменик претседателот во отсуство на претседателот на Одборот за евалуација на високото образование.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 40-4741/1 Претседател на Владата
20 април 2021 година на Република Северна Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

---

**1417.**

Врз основа на член 65 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19 и 275/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 20 април 2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ ВО КОРИСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО КАТАСТАРОТ НА НЕДВИЖНОСТИ**

Член 1

Со оваа одлука се запишува правото на сопственост на недвижни ствари - објекти, кои се наоѓаат на место викано „Студенчишта“ Охрид КО Охрид 4 и тоа:

- на КП.бр.5605/1 зграда 1, намена на зграда и друг објект Д3-13, влез 1, кат СУТ, број 1, намена на посебен дел од зграда ДПД, со внатрешна површина 63 м2,

- на КП.бр.5605/1 зграда 1, намена на зграда и друг објект Д3-13, влез 1, кат ПР, број 1, намена на посебен дел од зграда ПП, со внатрешна површина 59 м2,

- на КП.бр.5605/1 зграда 2, намена на зграда и друг објект Д3-2, влез 1, кат ПР, број 1, намена на посебен дел од зграда Б, со волумен 2673 м3,

- на КП.бр.5605/1 зграда 3, намена на зграда и друг објект Д3-2, влез 1, кат ПР, број 1, намена на посебен дел од зграда Б, со волумен 92 м3,

- на КП.бр.5605/1 зграда 4, намена на зграда и друг објект Д3-13, влез 1, кат ПР, број 1, намена на посебен дел од зграда ТР ТР, со внатрешна површина 122 м2,

- на КП.бр.5605/2 зграда 1, намена на зграда и друг објект Д3-13, влез 1, кат ПР, број 1, намена на посебен дел од зграда ДПД, со внатрешна површина 73 м2,

- на КП.бр.5605/2 зграда 1, намена на зграда и друг објект Д3-13, влез 2, кат ПР, број 1, намена на посебен дел од зграда ДПД, со внатрешна површина 73 м2, во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-11153/1 -20 Претседател на Владата
20 април 2021 година на Република Северна Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

---

**1418.**

Врз основа на член 36 став (6) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15,142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.98/19), а во врска со член 6 став (1) точка в) од Рамковната спогодба меѓу Владата на Република Македонија и Комисијата на европските заедници за правилата за соработка во врска со финансиската помош на ЕЗ за Република Македонија во рамките на спроведувањето на помошта според Инструментот за претпристапна помош (ИПА) („Службен весник на Република Македонија” бр. 18/08), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 20 април 2021 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА СТРАТЕШКИ КООРДИНАТОР НА ИПА КОМПОНЕНТИТЕ ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ И РАЗВОЈ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ВО СИСТЕМОТ НА ДЕЦЕНТРАЛИЗИРАНО УПРАВУВАЊЕ СО ПРЕТПРИСТАПНИТЕ ФОНДОВИ ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА ЗА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

1. За Стратешки координатор на ИПА компонентите за регионален развој и развој на човечки ресурси во системот на децентрализирано управување со претпристапните фондови од Европската унија за Република Северна Македонија се назначува Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции.